Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 75, 1 март 2012 година

март 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно поле/област клинички медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........19

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - во звање асистент за научната уметничка област музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Пијанистички техники“ од авторот доцент м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез саксофон – практика и вежби“ од доцент м-р Георги Мицанов, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........38

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот оркестар на народни инструменти 1“ од м-р Марјан Јанкоски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........40

**ИЗВЕШТАЈ** од Комисијата за утврдување на подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за научна работа ........42

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........48

**ПРИГОВОР** од кандидатката Весна Танчева ........49

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатката Весна Танчева ........50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, на својата 53. седница одржана на 31.8.2011 година донесе Одлука за распишување Конкурс за ***асистент (специјалист)*** за научната област ***максилофацијална хирургија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

На 13.10.2011 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-106/77 и Решение за претседател бр. 2502-106/78, за член бр. 2502-106/79 и член бр. 2505-106/80 број за формирање на Рецензентска комисија за асистент (специјалист) за научната област *максилофацијална хирургија* на Факултетот за медицински науки, во следниов состав:

- проф. д-р Бранко Василевски, редовен професор во пензија, специјалист максилофацијален хирург,
- доц. д-р Цена Димова, доцент, подрачје стоматологија, специјалист орален хирург, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.
- доц. д-р Ивона Ковачевска, доцент, подрачје стоматологија, специјалист по болести на заби и ендодонтот, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 24.9.2011 година.

Врз основа на пријавата и доставенета документација, како и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 24.9.2011 година се пријавија двајца кандидати: д-р Павле Коцев, специјалист максилофацијален хирург и д-р Владимир Милошев, специјалист максилофацијален хирург, и двајцата вработени во Клиничката болница во Штип, Оддел за максилофацијална хирургија.

***Биографски податоци за д-р Павле Коцев***

Кандидатот **д-р Павле Коцев** е роден на 5 јуни 1962 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. Во 1981 година се запишува на Стоматолошкиот факултет во Скопје и дипломира на 29 декември 1986 година и се стекнува со звањето доктор на стоматологија.

На 11 февруари 1987 година се вработува како стоматолог во Медицинскиот центар во Штип во Работната единица Стоматологија, односно во ЈЗО Здравствен дом - Штип. Во 1992 година ја започнува специјализацијата по максилофацијална хирургија на Клиниката за максилофацијална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје и истата ја завршува на 25 септември 1996 година, стекнувајќи се со звањето специјалист по максилофацијална хирургија. Веднаш по завршувањето на специјалистичкиот испит, на 30 октомври 1996 година се вработува во Клиничката болница во Штип и тоа како специјалист максилофацијален хирург.

Д-р Павле Коцев од 2008 година е шеф на Одделот за максилофацијална хирургија при РЕ Хирушки болести во Општа болница - Штип, а потоа во 2010 година со формирањето на Клиничка болница - Штип се основала и Работната единица Максилофацијална хирургија на која д-р Павле Коцев е именуван за началник на истата.

Д-р Павле Коцев активно се служи со англискиот јазик, а исто така има компјутерско познавање на програмите Microsoft Word, Excel, Power Point, Photo Shop.

***Научно-стручна и наставна дејност за д-р Павле Коцев***

Уште како студент во текот на студиите по стоматологија, д-р Павле Коцев извршува повеќе активности во студентската организација, меѓу другото најпрво две години тој бил избиран за студент-продекан, а потоа една година д-р Павле Коцев бил претседател на Студентската организација при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Истовремено како претставник на студентите во текот на три години бил член на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет.

За време на студиите бил основач на Здружение на студенти по стоматологија за научноистражувачка работа (СТОМАСКО). Во тој период учествувал на повеќе конгреси организирани од страна на стоматолошките факултети во тогашна Југославија, така што во 1985 година во Крушево бил претседател на Организациониот одбор на Конгресот на студенти по стоматологија на ниво на тогашна Југославија.

Во периодот додека бил на специјализација по максилофацијална хирургија бил коавтор на повеќе трудови со стручно-апликативна вредност и тоа:

1. Постекстракциони флегмони, I Конгрес на стоматолози, Охрид, 1994;
2. Значење на КТ во максилофацијалната хирургија, I Конгрес на стоматолози, Охрид, 1994;
3. Патохистолошки промени на синусната слузница при ороантрални комуникаци, Прв конгрес на стоматолози, Охрид, 1994;
4. Согледувања од долгогодишно следење на опсежните постхируршки интервенции на карциноми на долна уста. III собир на секцијата за пластична и максилофацијална хирургија, Скопје, 1995;
5. Претканцерози во максилофацијалната регија. XIV конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, 1995;
6. Дијагностички методи кај туморите во максилофацијалната регија. XIV конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, 1995;
7. Рецидивни плеоморфни аденоми – оперативен пристап, Светскиот конгрес на максилофацијални хирурзи во Кушинг, Малезија во 1996 година;
8. Приказ на случај на миксом на максила. II конгрес на стоматолози, Охрид, 1998;
9. Објективизација и клиничка диференцијација на болните лицеви состојби. II конгрес на стоматолози, Охрид, 1998.

Д-р Павле Коцев бил соработник на академик-професор д-р Илија Васков при изработката на три учебници, со следниве наслови:

- Хируршки атлас на заболувањата во максилофацијалната хирургија, 1994, Стоматолошки факултет, Скопје.
- Ренгенолошки атлас на болестите во максилофацијалната регија, 1997, Стоматолошки факултет, Скопје.
- Тумори во максилофацијалната регија, 1998, Стоматолошки факултет, Скопје.

Д-р Павле Коцев во 1997 година го организирал IV собир на Здружението за пластична и максилофацијална хирургија во Штип и воедно бил претседател на секцискиот собир. Во периодот од 2004 до 2010 година бил потпретседател на Здружението на максилофацијални хирурзи при Македонското стоматолошко друштво на Македонија.

Во 1999 година бил еден од основачите на медицинското списание *„Медицинска ревија“* и бил заменик уредник и член на редакцискиот одбор на истото списание. Во него има објавено повеќе натписи од областа на максилофацијалната хирургија.

Во периодот од 1997 до 2000 година работи како вонреден професор во СМУ „Јане Сандански“ - Штип на предметот Максилофацијална хирургија.

Д-р Павле Коцев ги приложи следниве сертификати и дипломи добиени при учество на конгреси, секциски состаноци, научно-стручни курсеви и работилници:

1. Jubilee Congress of the European Association of Cranio-Maxillofacial Surgery, Zurich 1996;
2. XIV Congress of the European Association for Cranio-Maxillofacial Surgery, Helsinki 1998;

3. Пролетен состанок на Здружението на максилофацијални хирурзи на Македонија, Битола, 2005;
4. Есенски состанок на Здружението на максилофацијани хирурзи на Македонија, Битола, 2005;
5. First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck surgery with International participation, Ohrid, 2006;
6. 4[ти] Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид 2006;
7. Секциски состанок на Здружението на максилофацијалните хирурзи на Република Македонија, Скопје, април, 2007;
8. Educational course “FACIAL TRAUMA”, Skopje, 2007, под покровителство на EACMFS;
9. Educational course “TUMOURS OF THE ORAL AND MAXILLOFACIAL REGION – HEAD AND NECK ONCOLOGY”, Skopje 2008, под покровителство на EACMFS;
10. Educational course “SALIVARY GLAND DISEASES”, Skopje 2008, под покровителство на EACMFS;
11. Educational course “DENTOFACIAL DEFORMITIES, DISTRACTION OSTEOGENESIS, CLEFT LIP AND PALATE”, Skopje 2009 – EACMFS;
12. Educational course “FACIAL AESTHETIC SURGERY”, Skopje 2009 – EACMFS;
13. Конгрес на физијатрите на Македонија, Охрид, 2009;
14. Прв македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество, Охрид, 2009;
15. Секциски состанок на Здружението на максилофацијалните хирурзи на Република Македонија, Скопје, 2010.

Д-р Павле Коцев е член на следниве професионални асоцијации:
- Член на Македонско стоматолошко друштво;
- Член на Стоматолошка комора на Македонија;
- Член и потпретседател (2004/10) на Здружението на максилофацијални хирурзи;
- Член на European Association for Cranio- Maxillo-Facial Surgery.

Д-р Павле Коцев е награден со диплома за придонес и ангажирање во работата на Македонското лекарско друштво во Скопје во 2003 година.

***Биографски податоци за д-р Владимир Милошев***

Кандидатот **д-р Владимир Милошев** е роден на 6 август 1965 год. во Штип. Вработен е како специјалист по максилофацијална хирургија на Одделението за максилофацијална хирургија, Клиничка болница - Штип.

Основно и средно образование завршува во Штип. Во 1984 година се запишува на Стоматолошкиот факултет во Скопје и дипломира во 1989 година и се стекнува со звањето доктор на стоматологија.

Во 1992 година се вработува како стоматолог во Медицинскиот центар во Штип во Работната единица Стоматологија, односно во ЈЗО Здравствен дом - Штип. Во 2004 година ја започнува специјализацијата по максилофацијална хирургија на Клиниката за максилофацијална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје и истата ја завршува на 17 јуни 2008 година и се стекнува со звањето специјалист по максилофацијална хирургија. Од 2004 година е вработен во Клиничката болница во Штип, Оддел за максилофацијална хирургија.

Д-р Владимир Милошев има активно познавање на англиски јазик, како и познавање на програмите Microsoft и SPSS.

***Наставна и научно-стручна дејност за д-р Владимир Милошев***

Д-р Владимир Милошев има дополнителен ангажман во Средно медицинско училиште во Штип и држи настава по предметот Стоматохирургија.

Д-р Владимир Милошев активно учествува на повеќе собири и конгреси со меѓународно учество во земјава и во странство и во документацијата ги приложил следниве трудови кои имаат стручно-апликативна важност:

1. Милошев В, Кировски И, Милошева Л. Темпоромандибуларниот зглоб и болката. III Стоматолошки конгрес, Охрид, 2002, Зборник на апстракти, 108.
2. Милошева Л, Милошев В, Кировски И. Психолошки фактори и дисфункциите на ТМЗ. III Стоматолошки конгрес, Зборник на апстракти, Охрид, 2002:109-110.
3. Milosev V., Kirovski I., Miloseva L. Temporomandibylar Joint (TMJ) and the pain. 34 th International Congress on Military Medicine Sun City, South Africa, 2002: (abstract) 307.
4. Miloseva L, Milosev V, Kirovski I. Psychological characteristics of the person as predisponated factors for dysfunctions of TMJ. 34 th International Congress on Military Medicine Sun City, South Africa, 2002: (abstract) 306.
5. Miloseva L, Milosev V. Psychological and Psychosocial implications of head and neck cancer. First Macedonian Congress on Maxillofacial and Nack Surgery, Ohrid, 2006.
6. Milosev V, Miloseva L. Can we implement positive Psychology in treatment of patients with head and neck cancer? Congress of Plastic, Reconstructive and Maxillofacial surgery, Tuzla; 2007.
7. Miloseva L, Milosev V. Biomedical versus biopsyhosocial model in medicine-needs of curriculum development. Mednarodna znanstvena konferenca: Spremembe v sistemu vzgoje in izobrazevanja, Zalec, 2009; Zbornik prispevkov: 406 – 411.
8. Miloseva L, Milosev V, Velinova V. Positive Psychology Interventions in patients with head and neck cancer. IV$^{th}$ Macedonian psychiatric Congress and International Meeting. Ohrid, 2009.
9. Milosev V, Miloseva L, Velinova V. Quallity of life and hope in patients with head and neck cancer. IV th Macedonian psychiatric Congress and International Meeting. Ohrid, 2009.
10. Miloseva L, Milosev V. Mental health: Emotional literacy prevention program. XIV European Conference on Developmental Psychology.Vilnius, 2009.
11. Miloseva L, Milosev V. A new challenge: model of positive health and clinical psychology. 23 rd Conference of the European Health Psychology Society. Pizza, 2009.
12. Milosev V, Miloseva L. Oral and maxillofacial rehabilitation of head and neck cancer patients. Annual meeting of the Croatian Society of maxillofacial, plastic and reconstructive head and neck surgery. University Hospital Dubrava, Zagreb; 2009.
13. Miloseva L, Milosev V. Psychological issues: Quality of Life and Hope in Patients with Head and neck Cancer. Annual meeting of the Croatian Society of maxillofacial, plastic and reconstructive head and neck surgery. University Hospital Dubrava, Zagreb; 2009.
14. Miloseva L., Milosev V. New perspectives in psychology: clinical psychology, health psychology and psychotherapy. Scientific Conference: Current Trends in Psychology. Novi Sad, Faculty of Philosophy, 2009.

Д-р Владимир Милошев има објавено неколку натписи од областа на максилофацијална хирургија во MEDICUS информативен гласник на јавното здравство – Штип (2008, 2009, 2010) кои имаат стручна важност и тоа:

1. Проблеми кои ги разрешува максилофацијалната хирургија (2008);
2. Расцепи на уста и непце (2009);
3. Малигни неоплазми на кожа во максилофацијалната регија: приказ на случај (2010);
4. Неуралгични болки во максилофацијалната регија (2011), кој е во фаза на печатење.

Д-р Владимир Милошев во документацијата ги приложил следниве сертификати за учество на симпозиуми, работилници и едукативни курсеви:

1. The first Macedonian congress of maxillofacial and neck surgery with international participation, Macedonian association for maxillofacial surgery & Macedonian medical association, Ohrid 2006.
2. Facial trauma. Educational certificated course European MCMFS, Skopje, 2007.
3. Tumors of oral and maxillofacial region neck dissections. Contemporary diagnostic and treatment principles. Certificated course by EACMFS. European ACMFS educational center, University clinic for maxillofacial surgery, 2008, Skopje.
4. Salivary gland diseases. Certificated course by EACMFS. European ACMFS educational center, University clinic for maxillofacial surgery, 2008, Skopje.

5. Dent facial deformities, distraction orthogenesis. Clift, lip and palate. Certificated course by EACMFS. European ACMFS educational center, University clinic for maxillofacial surgery, 2009, Skopje.
6. Facial aesthetic surgery. Certificated course by EACMFS. European ACMFS educational center, University clinic for maxillofacial surgery, 2009, Skopje.
7. Симпозиум за хемофилија (континуирана медицинска едукација). Здружение на трансфузиолози на Македонија, 2010.
8. Брза и ефикасна контрола на крвавења кај лица со вродена и стекната хемофилија и инхибитори. Здружение на трансфузиолози на Македонија, 2010.
9. Стручен состанок: Периферна васкуларна болест: дијагноза, третман, превенција. Здружение на лекари по општа медицина и Специјална болница „Филип II“.
10. Учество на тркалезна маса на III Конгрес на хирурзите на Македонија, МЛД и ЛКМ, 2010.
11. Секциски состанок на Здружението на максилофацијалните хирурзи на Република Македонија, Скопје, 2010.
12. Стручен состанок Универзитетска клиника за хематологија и Hoffmann-La Roche, Скопје, 2011.

Д-р Владимир Милошев е член на следниве професионални асоцијации
- Член на Лекарска комора на Македонија;
- Член на Стоматолошка комора на Македонија;
- Член на European Association for Cranio- Maxillo-Facial Surgery.

Исто така, д-р Владимир Милошев во пријавата вели дека е постојан судскивештак, за коешто во документацијата нема приложено уверение, односно потврда за истото.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци во овој извештај, како и врз основа на личното познавање на кандидатите д-р Павле Коцев и д-р Владимир Милошев, Комисијата смета дека кандидатот д-р Павле Коцев поседува солидни стручни, наставни и научни квалитети, исполнувајќи ги притоа формалните и суштински условите за избор на соработник асистент (специјалист) за научната област максилофацијална хирургија, Општа стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип **да го избере д-р Павле Коцев во звањето асистент (специјалист) за научна област максилофацијална хирургија, општа стоматологија, на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Бранко Василевски, редовен професор, д-р сци, с.р.**
**Д-р Цена Димова, доцент, д-р сци, с.р.**
**Д-р Ивона Ковачевска, доцент, д-р сци, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Павле Коцев, научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Научноистражувачка дејност | Бодови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 5. | **Дел од монографија или научна книга**<br>соработник при изработката на три учебници:<br>Васков И. Хирушки атлас на заболувањата во максилофацијалната хирургија, 1994, Стоматолошки факултет, Скопје.<br>Васков И. Ренгенолошки атлас на болестите во максилофацијалната регија, 1997, Стоматолошки факултет, Скопје.<br>Васков И. Тумори во максилофацијалната регија, 1998, Стоматолошки факултет, Скопје. | 1 | 3 | 3 |
| 9. | **Учество на научен собир со реферат (постер/ усно)**<br>**- во земјава**<br>**- во странство** | 1<br>1 | 7<br>2 | 7<br>2 |
| | **Вкупно:** | | | 12 |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност | Бодови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 9. | **Член на уредувачки одбор на стручно списание (Медицинска ревија)** | 1 | 0.5 | 0.5 |
| 12. | **Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир** (потпретседател на Здружението на максилофацијални хирурзи при Македонското стоматолошко друштво 2004 -2010)<br>- Пролетен состанок на Здружението на максилофацијални хирурзи на Македонија, Битола, 2005<br>- Есенски состанок на Здружението на максилофацијани хирурзи на Македонија, Битола, 2005<br>- First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck surgery with International participation, Ohrid, 2006<br>- 4ти Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006<br>- Секциски состанок на Здружението на максилофацијалните хирурзи на Република Македонија, Скопје, април 2007<br>- Секциски состанок на Здружението на максилофацијалните хирурзи на Република Македонија, Скопје, 2010 | 2 | 6 | 12 |
| 19 | **Стручни награди и признанија**<br>Диплома за придонес и ангажирање во работата на Македонското лекарско друштво – Скопје, 2003 | 1 | 4 | 4 |
| | **Вкупно:** | | | 16.5 |

| | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **28.5** |